Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот бр.02-3007/2 од 28.06.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 27-та седница одржана на 28.06.2018 година ја донесе следната:

# **ОДЛУКА**

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година, бр.05-5721/1 од 26.12.2017 година, бр.05-495/1 од 24.01.2018 година и бр.05-2485/1 од 17.05.2018 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 115.079.000,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 236.000,00 денари наменети за ISO сертификација (9001:2015).

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука ќе се изврши со прераспределба меѓу групните ставки 417 - Интелектуални и други услуги и 442 - Други капитални средства, во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година и тоа:

- Групната ставка **417 Интелектуални и други услуги** наместо досегашниот износ од 17.994.000,00 денари, се намалува за 236.000,00 денари и изнесува 17.758.000,00 денари.

- Позицијата **417800 – Други неспомнати услуги – истражување** наместо досегашниот износ од 4.012.000,00 денари, се намалува за 236.000,00 денари и изнесува 3.776.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на услуга – доставување на податоци за досегот на радио станиците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка е склучен договор во понизок износ од планираниот.

- Групната ставка **442 Други капитални средства** наместо досегашниот износ од 1.713.000,00 денари, се зголемува за 236.000,00 денари и изнесува 1.949.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се наменети за ISO сертификација (9001:2015).

- Позицијата **442100 – Откуп на патенти, лиценци и други права** наместо досегашниот износ од 1.713.000,00 денари, се зголемува за 236.000,00 денари и изнесува 1.949.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат во износ од 236.000,00 денари се наменети за ISO сертификација (9001:2015).

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2018 година, со цел да се обезбедат средства наменети за ISO сертификација (9001:2015).

За горенаведената исплата потребно е да се обезбедат средства во вкупен износ од 236.000,00 денари.

За да се обезбедат 236.000,00 денари, потребно е да се изврши прераспределба меѓу групните ставки 417 - Интелектуални и други услуги и 442 - Други капитални средства, во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018-та година и тоа: Групната ставка 417 Интелектуални и други услуги, наместо досегашниот износ од 17.994.000,00 денари се намалува за 236.000,00 денари и изнесува 17.758.000,00 денари. Позицијата 417800 Други неспомнати услуги - истражување, наместо досегашниот износ од 4.012.000,00 се намалува за 236.000,00 денари и изнесува 3.776.000,00 денари. Групната ставка 442 Други капитални средства, наместо досегашниот износ од 1.713.000,00 денари се зголемува за 236.000,00 денари и изнесува 1.949.000,00 денари. Позицијата 442100 Откуп на патенти, лиценци и други права, наместо досегашниот износ од 1.713.000,00 денари се зголемува за 236.000,00 денари и изнесува 1.949.000,00 денари.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2018 година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 115.079.000,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и член 132/17), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот бр.02-3007/2 од 28.06.2018

година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 27-та седница одржана на 28.06.2018 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.** 05-3017/1

28.06. **2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот;
- Секторот за правни и економско - финансиски работи;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи;
- Одделение за јавни набавки и општи работи и
- Архивата на Агенцијата.